



# ВЕЖБИ ЗА БРОЕВИ-ПОВТОРУВАЊЕ








# ДА ПОВТОРИМЕ : (ОДГОВОРЕТЕ НА ПРАШАЊАТА@

- 1.Какви видови на зборови се броевите?
- 2.Каков вид на бројност може да се искаже со броевите?
- 3. Што претставува бројна форма за лица од машки род?
- 4.Како се образуваат бројни форми за лица од машки род, со кои суфикси?
- 5. Кои броеви имаат форми за трите граматички родови?
- 6.Кои се двата начини на кои се образува приближна-бројност кај броевите?

# Проверете ги своите знаења

- 1. Броевите се менливи зборови кои означуваат точна или приближна бројност на:лица,суштества, предмети односно означуваат количество.
- 2. Со броевите можеме да искажеме точна или приближна бројност
- 3. Во македонскиот литературен јазик се користат посебни бројни форми кога има определена бројност за лица од машки род.
- 4. Бројните форми за лица од машки род се образуваат со додавање на наставки (суфикси) –**ица, мина, ина**
- 5.Броевите **еден и два** имаат форми за трите граматички родови
- 6.Приближна бројност се образува на два начини:со поврзување на два последователни броја **(три-четири),со додавање на суфикс (наставка) ина (стотина)**

# ВЕЖБИ



**1. Кои од следните зборови се броеви?**

**еден, еднаш, единица, едно, една, единаесет, единаесетмина, прв, првпат, два, две, двајца, двојка, два-три, дванаесет, дваесетина, дваесетмина, втора.**

## 2. Напиши приближна бројност од броевите:
## 5-6, 12-13, 30-40, околу 50, 200-300, 3000-4000



3.Напиши бројност за лица од машки род од следните броеви:

- 7, 12, 50, 65



Slide HUNTER

**4. Членувај ги следните броеви: шест, осуммина, тринаесет, деведесет и пет.**



**5.Во следниот текст класифицирај ги броевите во табела, според барањата :**

**За еден месец ќе наполнам дванаесет години.Многу сум возбуден поради мојата роденденска забава.Веќе две-три седмици ја правам листата со гости.Ќе поканам триесетина другари.**

**Осуммина се од мојата улица, десетина од училиште, а трите другарки од Охрид, со задоволство ќе дојдат.**

**Двете мои сестри се задолжени за украсување на собата во која ќе се случува забавата.Ќе биде весело! Дваесетина балони во разни бои ќе ја дополнат атмосферата. Мајка ми ќе приготви вкусна торта.На тортата ќе го има амблемот на мојот омилен фудбалски клуб Јувентус.**

**Четворица другари навиваат за истиот тим.Седум-осум другари навиваат за Реал,а тројца за Интер.И пет-шест девојчиња се големи љубителки на фудбалот.Често,  знаеме да дискутираме со жестина бранејќи го својот тим.**

**Со нетрпение ги бројам деновите до роденденот.Триесет, дваесет и девет, дваесет и осум...**

**извор :**[http://rozemak-rozemak.blogspot.com/2014/03/blog-post.html](http://rozemak-rozemak.blogspot.com/2014/03/blog-post.html)

| БРОЈ | ТОЧНА БРОЈНОСТ | ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ | БРОЈНА ФОРМА ЗА ЛИЦА | ОПРЕДЕЛЕНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

# ДА ГИ ПРОВЕРИМЕ ВАШИТЕ ЗНАЕЊА (ОДГОВОРИ НА ВЕЖБИТЕ)



1. еден, едно, една, единаесет, единаесетмина, два, две, двајца, два-три, дванаесет, дваесетина, дваесетмина.

**2.** 5-6: пет-шест,
12-13: два-тринаесет,
30-40: три-четириесет,
околу 50: педесетина,
200-300: двесте-триста,
3000-4000: три-четири илјади.

**3.** 7 – седуммина,

12 – дванаесетмина,

50 – педесетмина,

65 – шеесет и петмина

**4.** шест – шесте,

осуммина – осумтемина,

тринаесет – тринаесетте,

деведесет и пет – деведесет и петте.

# 5

Slide HUNTER

| БРОЈ | ТОЧНА БРОЈНОСТ | ПРИБЛИЖНА БРОЈНОСТ | БРОЈНА ФОРМА ЗА ЛИЦА | ОПРЕДЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| еден | + | – | – | – |
| дванаесет | + | – | – | – |
| Две-три | – | + | – | – |
| триесетина | – | + | + | – |
| двете | + | – | – | + |
| дваесетина | – | + | – | – |
| четворица | + | – | + | – |
| Седум-осум | – | + | – | – |
| тројца | + | – | + | – |
| Пет-шест | – | + | – | – |
| триесет | + | – | – | – |
| Дваесет и девет | + | – | – | – |
| Дваесет и осум | + | – | – | – |



# ВИ ЧЕСТИТАМ НА ЗНАЕЊЕТО!



ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА ЈА ИЗРАБОТИ : МАРИЈА-ПИСКАЧЕВА (НАСТАВНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК) ВО ОУ,,КОЛЕ КАНИНСКИ”-БИТОЛА